*******************************************************************************************

# ОПШТИНА КРАТОВО
# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КРАТОВО

*Број 5 Година 2026*
*04.05.2026 година*
*Кратово*

*Претплата за 2026 година*
*изнесува ______________ денари*
*Тек. Сметка бр. ______________*

*******************************************************************************************

**Содржина** **Стр.**


- Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Кратово за првиот квартал од 2026 година......1
- Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Кратово за првиот квартал од 2026 година......1
- Заклучок за објавување на Одлука за измени и дополнувања на Буџет на Општина Кратово за 2026 година (прв ребаланс)......2
- Одлука за измени и дополнувања на Буџет на Општина Кратово за 2026 година (прв ребаланс)......2,3
- Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти во општина Кратово......3
- Одлука за усвојување на листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти во општина Кратово......3-5
- Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Североисточниот плански регион (СИПР) во 2025 година......6
- Одлука за усвојување на Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Североисточниот плански регион (СИПР) во 2025 година......6
- Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Информацијата за превземени мерки и активности во текот на вторите шест месеци од 2025 година на Одделението за внатрешни работи Кратово......7
- Заклучок за усвојување на Информацијата за превземени мерки и активности во текот на вторите шест месеци од 2025 година на Одделението за внатрешни работи Кратово......7
- Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност на Статутот на СОУ„Митко Пенџуклиски" -Кратово......8
- Одлука за давање согласност на Статутот на СОУ„Митко Пенџуклиски" -Кратово......8
- Заклучок за објавување на Решение за именување на членови на Управниот одбор на ЈП „Кратово"- Кратово......9
- Решение за именување на членови на Управниот одбор на ЈП „Кратово"- Кратово
- Заклучок за објавување на Решение за именување на членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиско работење на ЈП „Кратово" од Кратово......10
- Решение за именување на членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиско работење на ЈП „Кратово" од Кратово......10

• Заклучок за објавување на Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во општина Кратово......11
• Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во општина Кратово......11
• Заклучок за објавување на Одлука за доделување на финансиски средства како помош за прослава на настан-Матурска вечер за учениците од СОУ Митко Пенџуклиски-Кратово......12
• Одлука за доделување на финансиски средства како помош за прослава на настан-Матурска вечер за учениците од СОУ Митко Пенџуклиски-Кратово......12
• Заклучок за објавување на Заклучок за доделување на финансиска помош......13
• Заклучок за доделување на финансиска помош......13
• Заклучок за објавување на Одлука за доделување на помош од Буџетот на општина Кратово......14
• Одлука за доделување на помош од Буџетот на општина Кратово......14
• Заклучок за објавување на Одлука за доделување на помош од Буџетот на општина Кратово......15
• Одлука за доделување на помош од Буџетот на општина Кратово......15

*********************************************************************************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 04.05.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Кратово за првиот квартал од 2026 година

1.**Се објавува:** Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Кратово за првиот квартал од 2026 година, **бр.09-660/1**, донесено од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 30.04.2026 година.

2.Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-660/2 **Градоначалник**
04.05.2026година **на општина Кратово**
Кратово Тодорче Николовски, с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18, 244//09, 53/2021, 77/2021 и 150/2021, 173/2022, 170/2024 и 37/2025), а согласно членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 30.04.2026 година, донесе

О Д Л У К А

**за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Кратово за првиот квартал од 2026 година**

**Член 1**

Со Одлуката се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Кратово за првиот квартал од 2026 година предложен од Градоначалникот на општина Кратово, а детално опишан во Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Кратово за периодот од 01.01.2026 до 31.03.2026 година, кој е во прилог и е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-660/1 **Претседател на Советот**

30.04.2026 година **на општина Кратово**

Кратово Љупчо Спиров, с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 04.05.2026 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за измени и дополнувања на Буџет на Општина Кратово за 2026 година (прв ребаланс)

1.Се објавува: Одлука за измени и дополнувања на Буџет на Општина Кратово за 2026 година (прв ребаланс), **бр.09-658/1**, донесено од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 30.04.2026 година.

2.Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-658/2
04.05.2026година
Кратово

Градоначалник
на општина Кратово
Тодорче Николовски, с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.Македонија број 5/2002,,) и член 29 став 1 од Законот за финансирање на Единиците на локална самоуправа („Службен весник на Р.Македонија " број 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/2015 и 209/18 и (Службен весник на Р.Македонија бр.244/2019, 53/2021, 77/2021, 150/2021, 173/2022, 170/24 и 37/25 година), член 36 од Законот за Буџетите(„Службен весник на РМ 151/21,87/22 и 03/25). Советот на општина Кратово на педесет и петтата седница одржана на ден 30.04.2026 година донесе:

# ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА БУЏЕТОТ
## НА ОПШТИНА КРАТОВО ЗА 2026 ГОДИНА

1. **Општ дел**

Буџетот на општина Кратово за 2026 година се состои од:

Член 1

| | Буџет износ | Ребаланс износ |
|---|---|---|
| **I ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **263.153.527** | **288.630.694** |
| даночни приходи | 17.305.000 | 16.199.000 |
| неданочни приходи | 6.988.000 | 10.843.258 |
| капитални приходи | 7.663.087 | 8.019.043 |
| дотации | 155.389.588 | 155.389.588 |
| трансфери | 73.619.852 | 78.773.171 |
| донации | 2.188.000 | 19.406.634 |
| **II ВКУПНИ РАСХОДИ** | **282.379.311** | **311.268.828** |
| Утврдени намени | 282.179.311 | 311.068.828 |
| Резерви | 200.000 | 200.000 |
| **III ДЕФИЦИТ /СУФИЦИТ** | **-19.225.784** | **-22.638.134** |
| **ФИНАНСИРАЊЕ** | **19. 225.784** | **22.638.134** |
| **Прилив** | **21.863.308** | **25.275.658** |
| приливи од домашни заеми | 0 | 0 |
| приливи од странски заеми | 0 | 0 |
| депозити | **21.863.308** | **25.275.658** |
| **Одлив** | **2.637.524** | **2.637.524** |

| | | |
|---|---|---|
| отплата на главница | 2.637.524 | 2.637.524 |

Член 2

Приходите на Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи ,а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходии тоа како што следува :

Член 3

Се овластува стручната служба да изврши конечно усогласување на планираните и извршените позиции во Измените и дополнувањето на Буџетот на општина Кратово.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Кратово", а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кратово".

Бр.09-658/1 Претседател на Советот
30.04.2026година на општина Кратово
Кратово Љупчо Спиров, с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 04.05.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К

**за објавување на** Одлука за усвојување на листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти во општина Кратово

1.**Се објавува:** Одлука за усвојување на листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти во општина Кратово, **бр.09-664/1**, донесено од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 30.04.2026 година.

2.Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-664/2 **Градоначалник**
04.05.2026година **на општина Кратово**
Кратово Тодорче Николовски

Врз основа на член 5 став 1 и 2 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти („Службен весник на Република Македонија“ број 66/2004, 55/2007, 145/2010, 136/2011, 163/2013 и 147/2015 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.224/24)член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02 и Службен весник на РСМ 202/14) а согласно член 15 и 20 од Статутот на опШтина Кратово (Службен гласник на општина Кратово бр.10/2019), Советот на општина Кратово на 51 седница, одржана на , донесе

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Листата за определување нови имиња на улици и промена на име на улица во општина Кратово**

**Член 1**

Со оваа Одлука во општина Кратово се врши определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти во општина Кратово, а имињата се определени сп географско, етнографско, историско и друго обележје, име на истакната личност од областа на историјата, науката и литератирата, други погодни имиња, како и име на значаен настан и датум, врз основа на листа на имиња (согласно член 5 став 1 и 2 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти („Службен весник на Република Македонија“ број 66/2004, 55/2007, 145/2010, 136/2011, 163/2013 и 147/2015 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.224/24.

**Член 2**

Согласно претходниот член во градот Кратово се определуваат следните имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти

1. Љубисав Иванов – Ѕинго;
2. Вања Лазарова;
3. Чедо Јакимовски;
4. Вулканска;
5. Свети Гаврил Лесновски;
6. Трајче Младенов – Моцарт;

**Член 2**

Согласно член 1 од оваа Одлука се врши промена на името на 1 (една) улица во општина Кратово и се определува ново име на истата и тоа:

1. Името на улицата „6-ти Септември“ во град Кратово се преименува во улица „Љубисав Иванов - Ѕинго”;

**Член 3**

Улицата 6-ти Септември останува со истиот матичен број во електронската евиденција. На новите имиња на улиците се додаваат нови матични броеви.

**Член 4**

Новите улици од член 1 и промената на името на улицата од член 2 на оваа Одлука ќе биде извршена во електронската евиденција која што ја води општината.

**Член 5**

По донесувањето на Одлуката од страна на Советот на Општина Кратово истата ќе биде доставена до Централниот регистар на Република Северна Македонија за да се изврши упис на податоците во електронскиот регистар во рок од 15 дена од денот на доставувањето.

**Член 6**

За извршената промена во електронската евиденција Општината ќе ги информира граѓаните за настанатите промени преку средствата за јавно информирање, на огласната табла во Општината и на веб страната на Општината.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кратово“.

Бр.09

**1.** Крсте Мисирков;
2. Атанас Бабата;
3.Црни врв;
4. Браќа Миладинови;
5. Бреза;
6. Михајло Апостолски;
7 Вера Јоциќ;
8 Владо Гаџев;
9 Глигор Пазавански;
10 Глигор Прличев;
11 Гоце Делчев;
12 Дамјан Груев;
13 Вера Пазаванска;
14 Св. Ѓорѓи Кратовски;
15 Цветан Димов;
16 Ѓорче Петров;
17 Злетовска;
18 Иван Андреев;
19 Ѓорѓи Какашевски;
20 Јане Сандански;
21 Јове Гичев;
22 Јосиф Даскалов;
23 Карпошово Востание;
24 Кочо Рацин;
25 Коце Хараламииев;
26 Лазар Софијанов;
27 Лисец;
28 Кирил и Методиј;
29 Илинденска;
30 3-та Македонска Ударна Бригада;
31 Плоштад Павел Шатев
32 Митко Каналиски;
33 Митко Димитров;
34 Мирче Ацев;
35 Мусала;
36 Никола Карев;
37 Никола Тесла;
38 8-ми Септември;
39 11-ти Октомври;
40 Орце Николов;
41 Партизанска;
42 Питу Гули;
43 Планинска;
44 Карши Бавча;
45 Првомајска;
46 Митко Пенџуклиски;
47 6-ти Септември;

48 Славко Баев;
49 Страхил Досев;
50 Страшо Пинџур;
51 Скопска;
52 Македонска;
53 Тошо Куковски;
54 Трајче Арсов;
55 Христијан Карпош;
56 Царка Андреева;
57 Цветко Тонев;
58 Буковец;
59 Осоговска;
60 Горна Крива Јабука;
61 Долна Крива Јабука;
62 Кузман Шапкарев;
63 Кирил Пејчиновик;
64 Лешки;
65 Љубисав Иванов – Ѕинго;
66 Вања Лазарова;
67 Чедо Јакимовски;
68 Вулканска;
69 Свети Гаврил Лесновски;
70 Трајче Младенов – Моцарт;

Член 3

Составен дел на оваа одлука е Одлуката за за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти во општина Кратово со бр. 09-474/2 од 14,03,2025 година, а ма која Листа согласно5 став 1 и 2 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти („Службен весник на Република Македонија“ број 66/2004, 55/2007, 145/2010, 136/2011, 163/2013 и 147/2015 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.224/24 согласност има дадено Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 03.03.2026 година.

Член 4

Оваа одлука заедно со Одлуката за за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти во општина Кратово со бр. 09-474/1 од 14,03,2025 година и Листата на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти во општина Кратово со бр. 09-474/1 од 14,03,2025година да се достават до Централниот регистар на Република Северна Македонија, Министерството за транспорт, Др`авниот завод за статистика, Агенција за катастар и недвижности како и до други надлежни органи за спроведување на оваа одлука.

Член 5

Со донесувањето на оваа одлука престанува важноста на Одлуката за определување на имиња на улиците во градот Кратово бр.07-977/1 од 30.06.2010 година.

Член 6

Одлуката ќе се објави во Службен Гласник на општина Кратово, а влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Кратово

Бр.09 – 664/1 Претседател на Совет
30.04.2026 година на општина Кратово
Љупчо Спиров
с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 04.05.2026 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за објавување на** Одлука за усвојување на Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Североисточниот плански регион (СИПР) во 2025 година

1.**Се објавува:** Одлука за усвојување на Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Североисточниот плански регион (СИПР) во 2025 година, **бр.09-661/1**, донесено од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 30.04.2026 година.

2.Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-661/2 **Градоначалник**
04.05.2026година **на општина Кратово**
Кратово Тодорче Николовски, с.р

Врз основа на член 65 од Законот за рамномерен регионален развој ("Службен весник на РМ" бр.24/2021, 174/2021 и 241/24), член 14 став 1, 2 и 3, член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 13, 14, 15 и 20 од ("Пречистен текст на Статутот на Општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 30.04.2026 година, донесе

## О Д Л У К А

за усвојување на Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Североисточниот плански регион (СИПР) во 2025 година

Член 1

Со Одлуката Советот на општина Кратово го усвојува Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Североисточниот плански регион (СИПР) за 2025 година.

Годишниот извештај е во прилог и е составен дел на оваа одлука.

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-661/1 Претседател на Советот
30.04.2026 година на општина Кратово
Кратово Љупчо Спиров, с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 04.05.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучок за усвојување на Информацијата за превземени мерки и активности во текот на вторите шест месеци од 2025 година на Одделението за внатрешни работи Кратово

1.Се објавува: Заклучок за усвојување на Информацијата за превземени мерки и активности во текот на вторите шест месеци од 2025 година на Одделението за внатрешни работи Кратово, бр.09-672/1, донесено од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 30.04.2026 година.

2.Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-672/2 **Градоначалник**
04.05.2026година **на општина Кратово**
Кратово Тодорче Николовски, с.р

Врз основа на член 36, став (1), точка 13 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот од Статутот на општина Кратово ("службен Гласник на Општина Кратово" бр.10/2019), Советот на општина Кратово на седницата одржана на ден 30.04.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К

**за усвојување на Информацијата за превземени мерки и активности во текот на вторите шест месеци од 2025 година на Одделението за внатрешни работи Кратово**

I. Со Заклучокот Советот на општина Кратово ја усвојува Информацијата за превземени мерки и активности во текот на вторите шест месеци од 2025 година на Одделението за внатрешни работи Кратово.

II. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.672/1 **Претседател на Советот**
30.04.2026 година **на општина Кратово**
Кратово Љупчо Спиров, с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 04.05.2026 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за давање согласност на Статутот на СОУ„Митко Пенџуклиски" -Кратово

1.Се објавува: Одлука за давање согласност на Статутот на СОУ„Митко Пенџуклиски" -Кратово, **бр.09-668/1**, донесено од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 30.04.2026 година.

2.Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-668/2 **Градоначалник**
04.05.2026година **на општина Кратово**
Кратово Тодорче Николовски, с.р

Врз основа на член 22 ,36 став и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 30.04.2026 година, донесе

## О Д Л У К А

**за давање согласност на на Статутот на СОУ „Митко Пенџуклиски"-Кратово**

**Член 1**

Со Одлуката Советот на општина Кратово дава согласност на Статутот на Средното општинско училиште „Митко Пенџуклиски"-Кратово усвоени со Одлука на Управниот одбор на установата бр.02-110/3 од 10.03.2026 година и на Статутот на Средното општинско училиште „Митко Пенџуклиски"-Кратово бр.01-111/1 од 10.03.2026 година донесен од страна на Училишниот одбор на установата.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето. а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-668/1 **Претседател на Советот**
30.04.2026 година**на општина Кратово**
Кратово Љ упчо Спиров, с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 04.05.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К

**за објавување на** Решение за именување на членови на Управниот одбор на ЈП „Кратово"- Кратово

1.**Се објавува:** Решение за именување на членови на Управниот одбор на ЈП „Кратово"- Кратово, **бр.09-662/1,** донесено од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 30.04.2026 година.

2.Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

| | |
|---|---|
| Бр.08-662/2 | **Градоначалник** |
| 04.05.2026година | **на општина Кратово** |
| Кратово | Тодорче Николовски, с.р |

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 5 и точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"' бр.5/02), согласно член 17, 17-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/23, 41/14, 138/14, 25/15, 31/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Македонија" бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), а по Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управен одбор и Надзорен одмор на ЈПКДИ „Кратово"- Кратово бр.09-450/1 од 13.03.2026 година, а согласно член 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/19), Советот на општина Кратово на седницата одржана на ден 30.04.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

**за именување на членови на Управниот одбор на ЈПКДИ "Кратово" од Кратово**

**I.** Со Решението Советот на општина Кратово како основач на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово" од Кратово именува членови на Управниот одбор на ова Јавно претпријатие.

За членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово" од Кратово, кој се состои од 5 (пет) членови се именуваат:

1. Југослав Николовски
2. Сашо Ѓеорѓиевски
3. Весна Петровска
4. Јовица Давитков
5. Јованче Ивановски

Мандатот на членовите на Управниот одбор на Јавното претпријатие трае 4 (четири) години.

**II.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-662/1 **Претседател на Советот**
30.04.2026година **на општина Кратово**
Кратово Љупчо Спиров, с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 04.05.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К

**за објавување на** Решение за именување на членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиско работење на ЈП „Кратово" од Кратово

1.**Се објавува:** Решение за именување на членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиско работење на ЈП „Кратово" од Кратово, **бр.09-668/1,** донесено од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 30.04.2026 година.

2.Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-663/2 **Градоначалник**
01.05.2026година **на општина Кратово**
Кратово Тодорче Николовски, с.р

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 5 и точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"' бр.5/02), согласно член 17, 17-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/23, 41/14, 138/14, 25/15, 31/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Македонија" бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), а по Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управен одбор и Надзорен одмор на ЈПКДИ „Кратово"-Кратово бр.09-450/1 од 13.03.2026 година, а согласно член 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/19), Советот на општина Кратово на седницата одржана на ден 30.04.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

**за именување на членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиско работење на ЈПКДИ „Кратово" од Кратово**

I. Со Решението Советот на општина Кратово како основач на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово" од Кратово именува членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиско работење на ова Јавно претпријатие.

За членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиско работење на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово" од Кратово, кој се состои од 3 (три) членови се именуваат:

1. Слаѓана Горѓиева
2. Зоран Арсовски
3. Борче Спиридонов

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие трае 4 (четири) години.

**II.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-663/1 **Претседател на Советот**
30.04.2026година **на општина Кратово**
Кратово Љупчо Спиров, с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 04.05.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во општина Кратово

1.Се објавува: Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во општина Кратово, **бр.09-665/1**, донесено од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 30.04.2026 година.

2.Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-665/2 **Градоначалник**
04.05.2026година **на општина Кратово**
Кратово Тодорче Николовски, с.р

Врз основа на член 23 од Законот за угостителската дејност ("Службен весник на РМ" бр.62/2004, 89/2008, 115/2010, 53/2011, 141/2012, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и "Службен весник на РСМ бр.31/20 и 16/25), член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 30.04.2026 година, донесе

О Д Л У К А

**за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Кратово**

**Член 1**

Со Одлуката Советот на општина Кратово согласно член 23 од Законот за угостителска дејност ("Службен весник на РМ" бр.62/2004, 89/2008, 115/2010, 53/2011, 141/2012, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и "Службен весник на РСМ бр.31/20 и 16/25) го продолжува работното време на угостителските објекти во Општина Кратово за 2 (два) часа на ден: 14.05.2026 година (Четврток), а по повод прославата на матурската вечер на матурантите од СОУ "Митко Пенџуклиски"- Кратово.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09 -665/1 **Претседател на Советот**
30.04.2026 година **на општина Кратово**
Кратово Љупчо Спиров, с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 04.05.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за доделување на финансиски средства како помош за прослава на настан- Матурска вечер за учениците од СОУ Митко Пенџуклиски-Кратово

1.Се објавува: Одлука за доделување на финансиски средства како помош за прослава на настан- Матурска вечер за учениците од СОУ Митко Пенџуклиски-Кратово, **бр.09-666/1**, донесено од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 30.04.2026 година.

2.Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-666/2 **Градоначалник**
04.05.2026година **на општина Кратово**
Кратово Тодорче Николовски, с.р

Врз основа на член 22 став (1) точка 8, член 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на Општина Кратово" бр.10.2019), одлучувајќи по Барањето бр.09-598/1 од 16.04.2026 година поднесено до Советот на општина Кратово од ученици-организатори на матурска вечер од СОУ "Митко Пенџуклиски"-Кратово Советот на Општина Кратово на седницата одржана на ден 30.04.2026 година донесе:

О Д Л У К А

за доделување на финансиски средства како помош за
прослава на настан-Матурска Вечер за учениците
од СОУ "Митко Пенџуклиски"-Кратово

Член 1

Со Одлуката Советот на општина Кратово обезбедува финансиски средства во вкупен нето износ 20.000 (дваесет илјади) денари како помош за покривање на дел од трошоците предвидени за музиката по повод прослава на настан-Матурска вечер наменет за сите ученици од четврта година од Средното општинско училиште "Митко Пенџуклиски"-Кратово.

Член 2

За реализација на оваа Одлука се овластува Градоначалникот на Општина Кратово да изготви Решение за реализација на доделената финансиска помош преку Програмата К4 425990-Други договорни услуги.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Кратово".

Бр.09-666/1 Претседател на Советот
30.04.2026година на Општина Кратово
Кратово Љупчо Спиров, с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 04.05.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К

**за објавување на** Заклучок за доделување на финансиска помош

1.**Се објавува:** Заклучок за доделување на финансиска помош, **бр.09-673/1,** донесено од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 30.04.2026 година.

2.Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-673/2 — **Градоначалник**
04.05.2026година — **на општина Кратово**
Кратово — Тодорче Николовски, с.р

Врз основа на член 22 став 1 точка 5, член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр 5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово (Службен Гласник на општина Кратово бр.10/2019) Советот на општина Кратово на седницата одржана на 30.04.2026 расправајќи по Барањето од црковниот одбор на црквата Св.Никола во с.Шлегово, општина Кратово, бр. 09-622/1 од 24.04.2026 година донесе:

З А К Л У Ч О К
За доделување на финансиска помош

Член 1

Со Заклучокот Советот на општина Кратово расправајќи по Барањето од црковниот одбор на црквата Св.Никола во с.Шлегово, бр. 09-622/1 од 24.04.2026 година година, за помош во вид на градежен материјал за санација на црквата Св.Никола во с.Шлегово, општина Кратово, заклучи да им додели средства во вид на градежен материјал во нето износ од 20.000 (дваесет илјади) денари.

Член 2

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Кратово.

Бр.09-673/1 — Претседател на Советот
30.04.2026година — на општина Кратово
Кратово — Љупчо Спиров, с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 04.05.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за доделување на помош од Буџетот на Општина Кратово**

1.Се објавува: **Одлука за доделување на помош од Буџетот на Општина Кратово, бр.09-669/1**, донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 30.04.2026 година.

2.Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-669/2
04.05.2026 година
Кратово

**Градоначалник**
**на општина Кратово**
Тодорче Николовски, с.р

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно Правилникот за критериуми за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово бр.09-745/2 ("Службен Гласник на Општина Кратово" бр.6/2019 и 7/2019) и членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на Општина Кратово" бр.10/2019), Советот на Општина Кратово на седницата одржана на ден 30.04.2026 година расправајќи по Барањето бр.09-490/1 од 17.03.2026 година на Тони Димитров со адреса на живеење с.Железница, општина Кратово, а на предлог на Комисијата за давање на предлог за доделување на помош од Буџетот на општина Кратово ја донесе следната:

О Д Л У К А

**за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово**

Член 1

Со одлуката Советот на Општина Кратово го прифаќа Барањето бр.09-490/1 од 17.03.2026 година поднесено до Општина Кратово од Тони Димитров со адреса на живеење с.Железница, општина Кратово за доделување на парична помош за лекување и лекарства.

За таа цел согласно предлогот на Комисијата за давање на предлог за доделување на помош од Буџетот на општина Кратово на барателот му се одобруваат финансиски средства во вкупен нето износ од 4.000,00 (четири илјади) денари, согласно Правилникот за критериуми за доделување на помош од Буџетот на Општина Кратово бр.09-745/2 ("Службен Гласник на Општина Кратово" бр.6/2019 и 7/2019).

Член 2

За реализација на оваа Одлука се овластува Градоначалникот на Општина Кратово да изготви Решение за реализација на доделената помош преку Програмата А0-Совет на Општина, ставка 471-Социјални надоместоци од Буџетот на Општина Кратово за 2026 година".

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Кратово".

Бр.09-669/1
30.04.2026година
Кратово

**Претседател на Советот**
**на Општина Кратово**
Љупчо Спиров, с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 04.05.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за доделување на помош од Буџетот на Општина Кратово

1.Се објавува: **Одлука за доделување на помош од Буџетот на Општина Кратово, бр.09-670/1**, донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 30.04.2026 година.

2.Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-670/2 **Градоначалник**
04.05.2026година **на општина Кратово**
Кратово Тодорче Николовски, с.р

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно Правилникот за критериуми за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово бр.09-745/2 ("Службен Гласник на Општина Кратово" бр.6/2019 и 7/2019) и членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на Општина Кратово" бр.10/2019), Советот на Општина Кратово на седницата одржана на ден 30.04.2026 година расправајќи по Барањето бр.09-626/1 од 24.04.2026 година на Даниел Пешевски со адреса на живеење с.Трновац, општина Кратово, а на предлог на Комисијата за давање на предлог за доделување на помош од Буџетот на општина Кратово ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово**

**Член 1**

Со одлуката Советот на Општина Кратово го прифаќа Барањето бр.09-626/1 од 24.04.2026 година поднесено до Општина Кратово од Даниел Пешевски со адреса на живеење во с.Трновац, општина Кратово за доделување на парична помош за лекување и лекарства.

За таа цел согласно предлогот на Комисијата за давање на предлог за доделување на помош од Буџетот на општина Кратово на барателот му се одобруваат финансиски средства во вкупен нето износ од 6.000,00 (шест илјади) денари, согласно Правилникот за критериуми за доделување на помош од Буџетот на Општина Кратово бр.09-745/2 ("Службен Гласник на Општина Кратово" бр.6/2019 и 7/2019).

**Член 2**

За реализација на оваа Одлука се овластува Градоначалникот на Општина Кратово да изготви Решение за реализација на доделената помош преку Програмата А0-Совет на Општина, ставка 471-Социјални надоместоци од Буџетот на Општина Кратово за 2026 година".

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Кратово".

Бр.09-670/1 **Претседател на Советот**
30.04.2026година **на Општина Кратово**
Кратово Љупчо Спиров, с.р